Влада на Република Северна Македонија

Бр. 4401-17/55

# З А П И С Н И К

од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

## З А П И С Н И К
## од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 мај 2020 година

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, Хусни Исмаили, министер за култура и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Педесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 мај 2020 година

2. Записник од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 мај 2020 година

3. Записник од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 мај 2020 година

4. Програма за изменување на Годишна инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ Лисиче-Велес, со Предлог - одлука

5. Информација за Програма за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, со Предлог - програма

6. Предлог - програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година

7. Предлог - одлука за запишување правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-848/18)

8. Барање на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија на согласност за спроведување на јавни набавки согласно со мерки за рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од коронавирусот-COVID 19

9. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.1)

10. Информација за потпишување на Мултилатерален договор М324 од областа на превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај

11. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Изградба на патна делница делница Градско - клучка Дреново, како дел од коридор X-d"

12. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините Струмица, Гази Баба, Могила, Охрид, Свети Николе, Дебар, Ѓорче Петров, Карбинци, Карпош, Кавадарци, Петровец, Виница, Прилеп, Аеродром, Битола, Боговиње, Бутел, Кисела Вода, Сарај, Тетово и Шуто Оризари

13. Предлог - програма за изменување на Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2019 година

14. Информација за реализација на договор за набавка на инженериски машини

15. Информација за покачување на платите на вработените на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

16. Статут на прв приватен универзитет-ФОН

17. Иницијатива од Лидија Дионизовиќ од Куманово, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под број 19/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 35/2018, 220/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/2019, 275/2019и 13/2020).

18. Иницијатива од Иван Колевски од Битола, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.51/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 23 став 5,6,7,8, и 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020).

19. Иницијатива од Владо Алексијевски од Охрид, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.15/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 65-а став 3 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 59/2011, 13/2012, 39/2012, 144/2012, 25/2013, 70/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019 и 18/2020).

20. Иницијатива од Левица - Политичка партија, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.55/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија“ бр.104/2020).

21. Иницијатива од Светски Македонски Конгрес, Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2020 за поведување на постапка

за оценување на уставноста на член 110 од Законот за јавното обвинителство (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/2020).

22. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.57354 за КО Ресен на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д.Влахов и Имотен лист бр.56926 на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д.Влахов

23. Понуда од нотар Арбана Адеми од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.643 за КО Шупљи камен на КП бр.2103 дел 1 викано место/улица Авлија

24. Кадровски прашања

25. Прашања и предлози

26. Годишен извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2019 година

27. Извештај за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2019 година

28. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јануари до 31-ви март 2020 година

29. Акциски план за надминување на неправилностите нотирани во ревизорскиот извештај бр.16-136/19 од 24.12.2019 година

30. Извештај за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година

31. Информација за намалување на финансиските средства за поддршка на здруженијата и фондациите

32. Информација за одложување на ЕКСПО 2020 ДУБАИ

33. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП Национални шуми за 2020 година, со Финансиски план

34. Информација за новиот Финансиски план за 2020 година на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје

35. Информација за статусот на реализација на активностите за имплементација на електронски систем за евалуација на ризик со податоци за последно извршени контроли и инспекции согласно системот за евалуација на ризик

36. Годишен извештај за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2019 година

37. Годишен извештај за работата на инспекциските служби за 2019 година

38. Годишен извештај за работа на Инспекциски совет за 2019 година

39. Информација со Предог - одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Конче

40. Информација за поместување на рокот за доставување на понуда за учество во претквалификација на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река

41. Информација со Предог - одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Босилово

42. Информација со Предог - одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Аеродром

43. Информација со Предог - одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Ресен

44. Предлог-уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 мај 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 мај 2020 година.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 мај 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во однос на патниците од странските земји кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија, по завршување на временскиот период од 21 ден или 14 дена во задолжителен државен карантин, истите не е потребно да бидат упатени во дополнителна домашна самоизолација.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за нормализирање на јавниот градски и меѓуградскиот јавен превоз од и кон Општина Куманово.
Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за здравство да го зголеми капацитетот на здравствениот кадар (еден инфектолог и еден епидемиолог) за потребите на Општина Тетово и Тетовскиот Регион, како и да ја согледа можноста за зголемување на бројот на тестирања за COVID-19.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни активности за реализирање и исплата на фактурата кон хотелот Дебарски бањи Цапа за трошокот настанат при сместувањето во прогласената кризна состојба на територијата на општините Дебар и Центар Жупа.

**Точка 4**

Владата по Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ Лисиче-Велес, со Предлог-одлука и со дополнување, го донесе

новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ Лисиче-Велес, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за Програма за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, со Предлог – програма, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето на согласност за спроведување на јавни набавки согласно со мерки за рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од Коронавирусот COVID-19 и даде согласност на Барањето, доколку потребните финансиски средства за предметните јавни набавки се во рамките на утврдените износи, согласно Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредна состојба.

**Точка 9**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.1), поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Мултилатерален договор М324 од областа на превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рамките на своите надлежности да ги преземе потребните активности околу потпишувањето на договорот во рок од 30 дена.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Изградба на патна делница делница Градско - клучка Дреново, како дел од коридор X-d" (нов текст), ја усвои Информацијата и му укажа на Јавното претпријатие за државни патишта како краен корисник на Проектот, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски да подготват детална информација со можни сценарија за завршување на проектот „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од коридор X-d" вклучувајќи и евентуална постапка пред ДАБ (DAB – Dispute Adjudication Board) и во рок од 30 дена да ја информираат Владата за истото.

**Точка 12**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (врати и прозорци), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (врати и прозорци), во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци (клима уреди), во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (врати и прозорци), во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (прозорци), во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (клима уреди), во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (врати и прозорци), во предложениот текст.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (клима уреди), во предложениот текст.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (врати и прозорци), во предложениот текст.

10.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (прозорци), во предложениот текст.

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Струмица (котел на гас), во предложениот текст.

12.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (котли на гас), во предложениот текст.

13.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (инвертори) , во предложениот текст.

14.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (клима уреди), во предложениот текст.

15.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (врати и прозорци), во предложениот текст.

16.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (клима уреди), во предложениот текст.

17.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (инвертори), во предложениот текст.

18.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (инвертори), во предложениот текст.

19.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (врати и прозорци), во предложениот текст.

20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (топлински пумпи), во предложениот текст.

21.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (прозорци), во предложениот текст.

22. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (клима уреди), во предложениот текст.

23. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (клима уреди), во предложениот текст.

24. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (клима уреди), во предложениот текст.

25. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (котли на нафта и гас), во предложениот текст.

26. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (врати и прозорци), во предложениот текст.

27.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (котли на гас), во предложениот текст.

28. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (врати и прозорци), во предложениот текст.

29. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (топлински пумпи), во предложениот текст.

30. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (пумпа со опрема), во предложениот текст.

31.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (прозорци), во предложениот текст.

32. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Струмица (котел на гас), во предложениот текст.

33. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (клима уреди), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии до Владата да достави предлог дали може, во кој износ и од каде да се пренаменат финансиски средства за поддршка на здруженија на граѓани и фондации (дали и преку Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот – COVID – 19).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на договор за набавка на инженериски машини и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за судски вештачења итно да задолжи свое вешто лице од областа на машинство да изврши вештачење со кое ќе се утврди дали техничките карактеристики на машините одговараат со техничките карактеристики наведени во Прилог бр.1 на договорот и техничката спецификација од тендерската документација.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ги покрие трошоците на Бирото за судски вештачења.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ангажира едно вешто лице од областа на вештачење – машинство од Регистарот на вештаци објавен на официјалната страна на Министерството за правда, за да извршат вештачења со кое ќе се утврди дали техничките карактеристики на машините одговараат со техничките карактеристики наведени во Прилог бр.1 на договорот и техничката спецификација од тендерската документација.

**Точка 15**

Владата ја симна Дневен ред Информацијата за давање согласност за покачување на платите на вработените на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Точка 16**

Владата го разгледа Статутот на Прв приватен универзитет - ФОН (нов назив: Американски универзитет на Европа- ФОН) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.“.

Согласно член 94 точка 1 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

По текстот на Статутот на Американскиот универзитет на Европа-ФОН во Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот за високото образование упатува да се регулираат со статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со Законот за високото образование, освен во случаите кога законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

Статутот треба да се достави заведен со архивски број и датум, потпишан од претседателот на Универзитетскиот сенат и заверен со печат.

Во членот 6 во ставот 7 зборовите „Република Македонија“ да се заменат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во членот 7 ставот 3 да се доуреди за начинот на користењето на другите обележја на универзитетот, на што упатува член 17 став 6 од Законот за високото образование.

Во членот 8 во ставот 3 зборовите „Република Македонија“ да се заменат со зборовите „Република Северна Македонија“.
Во членот 9 ставот 2 да се доуреди за начинот на користењето на печатот на универзитетот, на што упатува член 17 став 6 од Законот за високото образование.

Членот 12 да се усогласи со членот 7 од Законот за високото образование.

Членот 18 точка 3. да се усогласи со членот 13 ставовите 2, 3 и 4 од Законот за високото образование.

Во членот 20 ставот 1 да се усогласи со ставот 1 на членот 14 од Законот за високото образование.
Во членот 21 во ставот 1 во точката 1 зборовите „Република Македонија“ да се заменат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Членот 30 да се усогласи со членот 87 од Законот за високото образование, како и да се дополни со услови под кои може да се основа друга организација.

Во членот 41 ставовите 11 и 14 да се избришат, од причини што Законот за високото образование не предвидува постапка за замена на член на универзитетски сенат.

Во членот 40 точката 2 да се избрише од причини што е во спротивност со член 98 точка 5 од Законот за високото образование. Исто така, да се избрише и точката 5, бидејќи е во спротивност со член 94 точките 12 и 13 од Законот за високото образование. Да се избрише и точката 6 која е во спротивност со член 94 точка 28 од Законот за високото образование.

Во членовите 43 и 44 зборовите „отповикан“ и „отповикување“ да се заменат со зборот „разрешен“ и „разрешување“. Истото е од причини што во Законот за

високото образование не е уреден терминот „отповикување". Истата забелешка се однесува и на член 47 став 1 од Статутот.

Во членот 46 во ставот 5 зборовите „или на основачот" да се избришат зошто се во спротивност со член 96 став 4 од Законот за високото образование.

Ставот 1 на членот 49 да се преформулира во насока дека за присуството на основачот и претседателот на Советот на основачот на седниците на сенатот, одлучува сенатот. Истата забелешка се однесува и на ставот 3 на овој член.

Во членот 59 ставовите 1 и 2 да се избришат, од причини што се во спротивност со член 97 ставот 6, точката 2, каде е утврдено дека „Сенатот формира универзитетска изборна комисија составена од седум сенатори, која ја утврдува листата на кандидати на ректор". Во оваа насока да се усогласи и членот 60 став 1 од Статутот.

Членот 65 став 1 да се преформулира и при тоа да се има предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.". Истата забелешка се однесува и на член 66 ставовите 2 и 3, член 66 став 1, 4 и 5, член 69, член 70 и член 73 точка 3.

Во членот 73 во точката 8 зборовите „и на основачот" да изостанат, зошто се во спротивност со член 98 точка 5 од Законот за високото образование.

Членот 78 став 1 да се усогласи со член 100 став 2 од Законот за високото образование при тоа да се има предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.".

Членот 98 став 1 да се усогласи со член 107 став 1 од Законот за високото образование, притоа да се има во предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон".

Членот 107 да се усогласи со членот 94 точка 29 од Законот за високото образование.

Членот 123 да се усогласи со членот 94 точка 31 од Законот за високото образование.

Во членот 126 во ставот 1 да изостане зборот „соработниците" од причини што во член 55 став 2 од Законот за високото образование е утврдено дека „Членовите на

комисиите од ставот (1) на овој член се избираат со тајно гласање од сенатот на универзитетот, односно од наставно-научниот совет, наставниот совет или научниот совет на единицата на универзитетот или од наставничкиот совет на самостојната висока стручна школа, од редот на наставниците со мандат од четири години и од претставниците на студентите за време од една година.“. Во ставот 8 зборовите „Правилник за самоевалуација на Универзитетот“ да се заменат со зборовите „Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици“.

Членот 132 да се усогласи со членот 110 од Законот за високото образование.

Членот 136 да се усогласи со член 110 ставовите 5 и 6 од Законот за високото образование.

Членот 137 став 1 да се усогласи со членот 114 став 1 од Законот за високото образование.

Членот 138 став 1 да се усогласи со членот 114 став 4 од Законот за високото образование.

Членот 140 да се усогласи со член 110 став 1 точка 3 од Законот за високото образование, притоа да се има предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.“. Истата забелешка се однесува и на членовите 142 и 145 од Статутот.

Во членот 166 во ставот 1 пред зборот „конкурс“ да се додаде зборот „јавен“. Ставот 2 да се усогласи со ставот 2 на членот 149 од Законот за високото образование. Членот 166 да се дополни со начинот на објавувањето на јавниот конкурс за запишување студенти (член 149 став 6 од Законот за високото образование).

Во членот 189 ставот 1 да се усогласи со ставот 3 на членот 27 од Законот за високото образование. Ставот 3 номотехнички да се подобри.

Во членот 191 ставовите 2 и 3 номотехнички да се подобрат.

Во членот 195 ставот 4 номотехнички да се подобри.

Членот 197 да се усогласи со член 30 став 5 од Законот за високото образование (Со статутот на универзитетот односно статутот на самостојната висока стручна школа се определува составот на дисциплинската комисија, начинот и постапката за утврдување на дисциплинската одговорност, мерките и условите под кои дисциплинската мерка се изрекува и правото на заштита на студентот).

Членот 199 да се доуреди во насока на упатувањето од член 36 став 6 од Законот за високото образование (Бројот на членовите на универзитетското студентско собрание, како и органите на универзитетското студентско собрание и начинот на нивниот избор се уредуваат со статутот на универзитетот).

Членот 200 да се усогласи со членот 34 од Законот за високото образование.

Членот 212 да се усогласи со член 221 од Законот за високото образование.

Во членот 213 да се наведе бројот на Статутот кој престанува да важи.
Членот 214 да гласи:

„Овој статут влегува во сила по објавувањето во јавното гласило на Универзитетот, а ќе се објави по добивање на согласност од основачот, по претходно мислење од Владата на Република Северна Македонија.“.

Исто така, секое вметнување на одредби во Статутот на високообразовната установа, надвор од пропишаното во Законот за високото образование, особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за нивно дополнително уредување со статут, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

**<u>Точка 17</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Лидија Дионизовиќ од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под број 19/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 35/2018, 220/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/2019, 275/2019 и 13/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите на подносителот во Иницијативата за оцена на уставноста со оспорениот член 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се повредуваат член 8 став 1 алинеја 3 и 8, членот 35 став 1 и член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, подносителот наведува дека со членот 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е извршена повреда на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019).

Подносителот на иницијативата наведува дека со оспорениот член 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15 ,147/15, 154/15, 173/15, 217/15,27/16, 120/16, 132/16, 35/18,

220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19 и 31/20), се прави дискриминација на „живиот брачен другар“, односно предвидените критериуми во членот 59 од наведениот закон ги става во поповолна положба лицата кои имаат можност да бидат родители (односно лицата кои имале можност да вршат родителска грижа), од оние лица кои не се родители и кои поради тоа се исклучени од можноста да го остварат правото на семејна пензија.

Имено во членот 59 став (1) се уредува дека вдовицата, односно вдовецот остваруваат право на семејна пензија ако до смртта на брачниот другар наполниле 50 години живот. Исто така согласно став (1) точка 2 на оспорениот член 59, правото на семејна пензија се стекнува доколку  вдовецот/вдовицата до смртта на брачниот другар биле неспособни за работа или таква неспособност настанала во рок од една година од денот на смртта на брачниот другар; Согласно став (1) точка 3 од истиот член, вдовецот/вдовицата стекнува право на семејна пензија ако по смртта на брачниот другар останале едно или повеќе деца кои имаат право на семејна пензија по тој брачен другар, а вдовицата, односно вдовецот ги вршат родителските должностите спрема тие деца.

Во став (1) точка 4 пак е предвидена можноста вдовецот/вдовицата да стекне право на семејна пензија ако до смртта на брачниот другар имало наполнети 45 години, кога ќе наполни 50 години живот – или ако во тие години станало неспособно за работа. Со став (2) на член 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување уредено е дека вдовецот/вдовицата кој во текот на користењето на правото по основа на вршење на родителска должност од став (1) точка 3 на овој член ќе стане неспособно за работа или наполнило 50 години живот, трајно го задржува правото на семејна пензија. Со став (3) е предвидена можноста за вдовецот/вдовицата кој го загубил/а правото на семејна пензија по основ на вршење на родителска должност по наполнети 45 години живот, стекнува право на семејна пензија кога ќе наполни 50 години живот. Со наведената одредба вдовецот/вдовицата се изедначени во поглед на критериумите за стекнување на правото на семејна пензија, што е во согласност со начелото на еднаквост на граѓаните по основ на пол определено во член 9 од Уставот на Република Северна Македонија како и правната сигурност на граѓаните утврдени во членовите 8, 34 и 35 од Уставот на Република Северна  Македонија.

По однос на наводите дека со членот 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се ставаат во поповолна положба „живите брачни другари“ кои имаат деца, односно вршат родителска грижа, од оние кои не се родители поради што истите не можат да се стекнат со право на семејна пензија, известуваме дека согласно критериумите во членот 59 за „живите брачни другари“ кои не вршат родителска грижа и не се родители, законодавецот предвидел можност за остварување на право на семејна пензија и тоа:

- ако вдовецот/вдовицата до смртта на осигуреникот, по кој основ тоа право им припаѓа лицето наполнило 50 години живот;
- ако вдовецот/вдовицата до смртта на брачниот другар биле неспособни за работа или таква неспособност настанала во рок од една година од денот на смртта на брачниот другар и

- ако вдовецот/вдовицата до смртта на брачниот другар имале наполнети 45 години, кога ќе наполни 50 години живот – или ако во тие години станало неспособно за работа.

Според овие одредби законодавецот дава можност за стекнување на право на семејна пензија и за лицата кои не се родители или не вршат родителска грижа, ако истите се неспособни за работа или имаат наполнето 50 години живот.

Согласно наведеното, се смета дека членот 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување не содржи одредби со кои се нарушува правото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, како и темелните вредности на владеење на правото, хуманизмот, социјалната правда, социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и солидарност, уредени во член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак се врши дискриминација спротивно на член 54 став 3 од Уставот, односно не се ограничуваат слободите и правата на граѓаните по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Имајќи го во предвид изложеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со членот 59 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување не се нарушуваат темелните вредности утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, односно оваа одредба е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати иницијативата за оценување на уставноста на погоре наведената одредба од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

## Точка 18

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.51/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 23 став 5, 6, 7, 8, и 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), поднесена од Иван Колевски од Битола и притоа го утврди следново мислење:

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) е системски закон кој претставува основа за изготвување на Законот за урбанистичко планирање и согласно истиот во членот 22 став 1 точка 1 општините ги вршат работите на урбанистичкото планирање, (урбано и рурално) и ги носат урбанистичките планови.

Со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник па Република Северна Македонија“ бр.32/20), се уредува системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за

изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови. надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон, а воедно, се уредува и прашањето за важењето на урбанистичките планови и нивната суспензија.

Со оспоруваните одредби на членот 23 од Законот за урбанистичко планирање се предвидува важењето на урбанистичките планови и нивната суспензија во случај кога урбанистичкиот план е донесен при направен пропуст во постапката при неговото носење со што е предизвикана несомнена штета по јавниот интерес. па така со ставовите 5, 6, 7, 8 п 9 од истиот член се предвидуваат условите и постапката за негова суспензија.

Со оспорувaниот член 23 ставови 5, 6. 7, 8 и 9 од Законот за урбанистичко планирање одлуката за суспензија се определува само доколку се докаже несомнена штета по јавниот интерес што е вообичаена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување, а произлегува од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него, поради неговата неусогласеност со планови од повисоко ниво или поради плански решенија чиишто штети и последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за негово донесување.

Донесувачот на планот истата ја носи врз основа на стручен елаборат за суспензија на применувањето на урбанистичкиот план, негови делови или плански одредби, изработен од комисијата за урбанизам, а со претходно добиено мислење ОД министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кое се издава во рок од 15 работни дена по приемот на стручниот елаборат и барањето за мислење.

Воедно, одлуката за суспензија е на сила до донесувањето на измени и/или дополнувања на суспендираниот урбанистички план, негови делови или плански одредби, со коишто ќе се надминат и отстранат недостатоците што биле основ за суспензијата, но не подолго од шест месеци за поединечни делови од урбанистички план или одредени плански одредби и една година за целиот плански опфат на урбанистичкиот план и истата е со одреден рок, а има за цел отстранување на недостатоците што е конкретна реалност во областа на урбанизмот.

Оттука. самата потреба да се предвиди ваквата одредба односно Министерството за транспорт и врски да дада мислење по однос на стручниот елаборат во постапката при суспензија. произлезе од фактот што истото е надлежен орган да го спроведува Законот за урбанистичко планирање во кој е предвидена постапката за носење на урбанистички планови за кои дава согласност согласно постапката предвидена во законот и затоа што надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно ова министерство.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 19

Владата ја разгледа Иницијативата од Владо Алексијевски од Охрид, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.15/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 65-а став 3 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 59/2011, 13/2012, 39/2012, 144/2012, 25/2013, 70/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/2019 и 18/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Според подносителот на иницијативата со членот 65-а став (3) од Законот за градење се повредувале членот 8 алинеи 1, 3 и 6, членот 24, членот 30 и член 50 ставови (1) и (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Со членот 8 од Уставот се утврдуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Маке¬донија, при што во алинеите 1, 3 и 6, како едни од темелните вредности се наведени владеењето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и правната заштита на сопственоста.

Согласно членот 24 од Уставот, секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор, при што граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките, освен ако со нив не сторил кривично дело.

Со членот 30 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување и во истиот е наведено дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон а во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Во членот 50 кој се однесува на гаранциите на основните слободи и права на граѓанинот, ставовите (1) и (2) гласат:

“(1) Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.
(2) Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.“

Членот 65-а од Законот за градење гласи:
“(1) Инвеститорот може да започне со изградба на градбата врз основа на правосилно одобрение за градење.
(2) По исклучок од став (1) на овој член, инвеститорот на сопствена одговорност и ризик може да започне со изградба и врз основа на конечно одобрение за градење.
(3) Доколку одобрението за градење не е правосилно, поради тоа што жалителот започнал управен спор, а инвеститорот не започнал со изградба на градбата пред одобрението за градење да стане правосилно, инвеститорот има право да бара надомест на штета и надомест на изгубена добивка од жалителот доколку тужбеното барање и/или жалбеното барање од надлежните судови се одбиени како неосновани и/или недопуштени.“

Со наведениот член од Законот за градење се пропишуваат условите за започнување со изградба, при што со истиот е утврдено дека инвеститорот може да започне со изградба врз основа на правосилно одобрение за градење, а како исклучок се утврдува можноста за започнување со изградба и врз основа на конечно одобрение за градење.

Имајќи во предвид дека против конечен управен акт може да се поведе и управен спор во кој постои можност актот да се поништи, согласно ставот (2) на цитираната одредба од Законот за градење, се утврдува дека започнувањето со градење со конечно одобрение за градење инвеститорот го прави на сопствена одговорност и ризик.

Оспорената одредба, член 65-а став (3) од Законот за градење, се однесува на случаите кога инвеститорот нема да започне со изградба на градбата врз основа на конечно одобрение за градење, односно се додека не заврши поведен управен спор и одобрението за градење да стане правосилно. Во овој случај се утврдува дека инвеститорот има право да бара надомест на штета и надомест на изгубена добивка од жалителот доколку тужбеното барање и/или жалбеното барање од надлежните судови се одбиени како неосновани и/или недопуштени.

Согласно член 15 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр.124/15 и 65/18) конечен управен акт е оној против кој може да се поведе управен спор и може да се поништи, укине или измени само во случаите утврдени со закон. Конечен управен акт може да се поништи, укине или измени само во случаите утврдени со закон. Конечниот управен акт е извршен, освен ако со закон поинаку не е определено.

Членот 15 од Уставот гласи:
“Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.“

Правото на жалба против одобрението за градење е утврдено и гарантирано во членот 65 од Законот за градење а со ниту една одредба од овој закон не е

ограничено правото за поведување на управен спор. Со Законот за градење како посебен закон со кој се уредуваат прашања од областа на изградбата на градби, во членот 65-а, се пропишуваат посебни правила за извршноста на одобрението за градење во смисла на започнувањето со изградба на една градба. Имајќи ги во предвид последиците кои би можеле да настанат со започнувањето или не започнувањето со изградба на една градба, врз основа на конечно одобрение за градење, пропишани се и соодветни права за странките во постапката. Согласно тоа започнувањето со изградба врз основа на конечно одобрение за градење е ризик и одговорност на инвеститорот, а во случаите кога нема да почне со изградба поради започнат управен спор против одобрението за градење, инвеститорот има право да бара надомест на штета и надомест на изгубена добивка од жалителот, доколку тужбеното барање и/или жалбеното барање од надлежните судови се одбиени како неосновани и/или недопуштени.

Имајќи го предвид претходно наведеното сметаме дека член 65-а став (3) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/2019 и 18/2020) не е во спротивност со член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 6, член 24, член 30 и член 50 став (1) и став (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Врз основа на претходно наведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека предметната Иницијатива е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

## Точка 20

Владата ја разгледа Иницијативата од Левица - политичка партија, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.55/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2020) и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, од страна на Левица - политичка партија, под У.бр.55/2020, доставена е Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/20), со предлог судот да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија преземени врз основа на оспорената одлука, до донесување на неговата конечна одлука, Подносителот во Иницијативата наведува дека оспорената Одлука не е во согласност со повеќе членови од Уставот на Република Северна Македонија (член 8 став 1 алинеите 1,3 4 и 11, член 51 став 2, член 54 став 1, член 87 став 1, член 110 став 1 алинеја 6 и член 125 став 3), поради што бара поништување на побиваната Одлука во целина.

Во Иницијативата подносителот наведува дека „и по истекот на максимално предвидените 30 дена на времетраењето на првично прогласената вонредна состојба, Претседателот на Република Северна Македонија - сосем противуставно, паушално и арбитрарно, донесе нова, т.е. втора деклараторна одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба за уште дополнителни 30 дена (што значи, вкупно 60 дена)!?".

На 17.4.2020 година Претседателот на Република Северна Македонија донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба, со која се утврдува постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 30 дена заради заштита и справување со последиците од ширењето на Коронавирусот COVID-19. Наведената одлука е донесена врз основа на членовите 125 и 126 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со предлогот на Владата на Република Северна Македонија до Претседателот на Република Северна Македонија да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија заради заштита и справување со последиците од ширењето на Коронавирус COVID-19, а согласно пандемска епидемија прогласена од Светската здравствена организација за нов вид на вирус кој е проширен на сите континенти и ја зафати територијата на Република Северна Македонија бр.44-2329/2 од 14.4.2020 година и известувањето од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија бр.09¬1690/2 од 18.3.2020 година. Наведената одлука ќе му биде поднесена на Собранието на Република Северна Македонија на потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане.

Во членот 125 од Уставот е пропишано дека вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии. Постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија или нејзин дел го утврдува Собранието по предлог на Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници. Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредна состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и има важност најмногу 30 дена. Ако Собранието не може да се состане, одлука за постоење на вонредна состојба донесува Претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието на потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане.".

Владата на Република Северна Македонија смета дека изнесените наводи во Иницијативата се во целост неосновани. Имено, согласно членот 125 од Уставот Претседателот на Републиката има овластување за донесување одлука за постоење вонредна состојба доколку Собранието не може да се состане. Во однос на наводите од Иницијативата дека максималниот рок на вонредната состојба може да биде 30 дена, се истакнува дека и овие наводи се во целост неосновани. Имено, доколку интенцијата на уставотворецот била дека е можно да се прогласи постоење на вонредна состојба со траење од 30 дена само еднаш, тој тоа и ќе го сторел со изрично пропишување ваква одредба. Меѓутоа, Уставот не содржи ваква одредба имајќи ја предвид практиката и спецификите на причините на вонредната состојба. Уставната одредба само го лимитира траењето на Одлуката за

прогласување вонредна состојба на 30 дена, но не го ограничува Претседателот повторно да донесе нова одлука се додека траат причините за вонредната состојба. Уставната одредба претставува гаранција дека вонредната состојба по истекот на рокот не може автоматски да се продолжува, туку бара од овластениот орган да процени дали се исполнети условите за повторно донесување одлука за постоење на вонредната состојба.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема основ за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/20), поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесената Иницијатива со барањето за донесување на времена мерка во целост да ја отфрли како неоснована.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Иницијатива поднесена од Светски Македонски Конгрес, Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 110 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020) и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, од страна на Тодор Петров, претседател на Здружението на граѓани „Светски македонски конгрес", била поднесена Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 110 од Законот за јавното обвинителство, со предлог судот да донесе решение за запирање на поединечни акти и дејствија од Законот, до донесување на неговата конечна одлука. Подносителот во Иницијативата се произнел дека членот 110 од Законот за јавното обвинителство не е во согласност со повеќе членови од Уставот на Република Северна Македонија (член 8 став 1 алинеите 1,3 и 11, член 9 ставот 2, член 11 ставот 1, член 12 ставот 1, член 13 ставот 2, член 14 ставот 1, членот 25, член 26 ставот 1, член 27 ставовите 1 и 2 и член 51 став 1).

Во Иницијативата подносителот наведува дека согласно членот 2 од Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, само специјалниот јавен обвинител има стварна и месна надлежност да истражува и гони кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите. Согласно ова, јавниот обвинител на Република Северна Македонија нема овластување и надлежност за делата за кои е надлежно Специјалното јавно обвинителство. Оттука, согласно наведеното во иницијативата, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија нема надлежност да ги презема предметите на Специјалното јавно обвинителство.

Во продолжение, подносителот го цитира Законот за заштита на приватноста. Имено, членот 1 од Законот предвидува забрана за поседување, обработка, јавно објавување, располагање и користење на  материјалите од незаконското следење на комуникациите извршени во периодот од 2008 до 2015 година, во изборен процес, политички и други цели и постапки. Оваа забрана  не се однесува доколку лицето што ги поседува ги предаде на надлежниот јавен обвинител во рок од 20 дена од денот на влегување во сила на законот. Во продолжение, подносителот наведува дека после 30 ноември 2015 година, материјалите од незаконското следење на комуникациите во периодот од 2008 до 2015 се забранети и за самото Специјално јавно обвинителство, бидејќи подлежат на режимот од членот 12 од Законот за кривична постапка.

Исто така, подносителот наведува дека „законодавецот не смее да пропишува забранети прислушкувани  материјали да бидат предмет на индиции предложени и употребени како доказ во постапката по поднесениот обвинителен акт или обвинителен предлог." Во тој контекст, подносителот на Иницијативата наведува дека членот 110 од Законот за јавното обвинителство е спротивен со повеќе одредби од Уставот.

Членот 110 од Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/2020) предвидува дека Јавно обвинителство не може да го заснова обвинението врз основа на незаконски прислушувани материјали. Исклучок од ова се предметите на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите поднесени до надлежен суд до 30 јуни 2017 година согласно со Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Ставот (3) предвидува дека материјалите и транскриптите од материјалите од незаконски прислушуваните материјали за предметите покренати по 30 јуни 2017 година можат да се користат само како индиции и на нив не може да се заснова обвинителен акт или обвинителен предлог и истите не можат да бидат предложени и употребени како доказ во постапката по поднесениот обвинителен акт или обвинителен предлог. Во ставот (4) е предвидено дека материјалите од претходниот став ќе се уништат во рок од три месеци по завршување на постапките по вонредни правни лекови на предметите од ставот (3) на овој член согласно со одредбите за уништување на материјалите од посебните истражни мерки утврдени со закон. Записниците за уништување се доставуваат до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Сите останати материјали и транскриптите од незаконско прислушуваните материјали кои не се предадени како докази во судовите и кои не се дел од предметите кои се во фаза на истрага согласно со ставот (3) на овој член, не можат повторно да се преслушаат и да се употребат во која било постапка и се уништуваат во рок од три месеци по завршување на постапките по вонредни правни лекови на предметите од ставот (2) на овој член, согласно со одредбите за уништување на материјалите од посебните истражни мерки утврдени со закон. Записниците за уништување се доставуваат до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Членот 113 од преодните и завршните одредби од Законот за јавното обвинителство определува дека неговата примена започнува од 30 јуни 2020 година, кога престануваат да важат постојните Закон за јавното обвинителство и Закон за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите.

Согласно членот 5 став (1) од Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 159/2015) надлежноста на специјалното обвинителство е да истражува и гони кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, што е дефинирано во членот 2 став (1) од Законот. „Неовластеното следење на комуникации" се дефинира како неовластено следење на сите комуникации извршено во периодот меѓу 2008 и 2015 година, вклучително но не и ограничено на аудио снимки и транскрипти поднесени до Јавното обвинителство пред 15 јули 2015 година." Согласно законските одредби, сите наведени материјали се предмет на надлежност пред обвинителството.

Во член 12 став (2) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010) се предвидува дека доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука.

Законот за заштита на приватноста („Службен весник на Република Македонија" бр.196/2015) во членот 1 предвидува дека со овој закон се утврдува заштита на приватноста на граѓаните на Република Македонија, гарантирана со Уставот и Европската конвенција за човекови права, во врска со материјалите кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации извршени во периодот од 2008 до 2015 година. Ставот (2) утврдува забрана за поседување, обработка, јавно објавување на материјалите кои претставуваат повреда на приватноста на личниот и семеен живот. Со ставот (3) се предвидува дека законот утврдува и забрана за поседување, обработка, јавно објавување и располагање на кој било начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации извршени во периодот од 2008 до 2015 година, вклучувајќи и нивно користење и располагање во изборен процес, политички и други цели и постапки.

Во член 2 законот предвидува дека секој кој поседува материјали од незаконско следење на комуникации согласно со членот 1 од овој закон е должен во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги предаде материјалите на надлежниот јавен обвинител, согласно со закон.

Во однос на наводите на подносителот на Иницијативата дека јавниот обвинител на Република Северна Македонија нема овластување и надлежност за делата за кои е надлежно Специјалното јавно обвинителство, се смета дека наодите на подносителот се неосновани од причина што во членот 6 ставот 5 од Законот за

јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите е пропишано дека „Јавниот обвинител на Република Македонија или друг јавен обвинител не може да презема истраги и гонење по предмети кои спаѓаат во надлежност на јавниот обвинител без негова/нејзина писмена согласност.“

Во однос на незаконските прислушкувани материјали, истакнуваме дека ова прашање е детално разработено и тоа, како од теоријата, така и од практиката. Дополнително, и Европскиот суд за човекови права и националните судови имаат развиено богата јуриспруденција по однос на ова прашање. Имено, прашањето за исклучувањето на незаконито прибавените докази претставува еден од клучните елементи на правичното судење. Сепак, би сакале да истакнеме дека од ова правило постојат бројни исклучоци. Нив можеме да ги сретнеме во компаративните искуства, но и во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Со нив се востановува баланс меѓу обврската со обвинетите да се постапува коректно и правично, со целосно почитување на човековите права и слободи, од една, и интенциите за осуда на сторителите на тешки кривични дела, од друга страна. Со примената на овој исклучок директно се спречува да не одговараат сторителите на тешки кривични дела за маргинални повреди на правата или прописите, особено ако повредата не може да и се препише на државата.

Во современото казнено процесно право детално се разработува материјата за незаконитите докази. Понудените решенија во секоја од државите се различни, во зависност од нивните правни системи, традиции и правна култура. Ова особено се однесува на допуштеноста на нивната употреба. Во тој контекст, законодавствата генерално разликуваат неколку видови на недопуштени (незаконити) докази, и тоа: докази кои што се прибавени со тортура, докази кои што се прибавени на незаконит начин односно спротивно на одредбите на процесниот закон и докази кои што се прибавени со кршење на темелните права на човекот и граѓанинот кои што се гарантирани со домашните и меѓународните правни акти.

Покрај нормирањето на оваа материја во националните законодавства, судската практика на ова прашање посветува особено внимание. Така, при одлучувањето на допуштеноста на незаконитите докази во кривичната постапка, судската практика инсистира на целосна проценка на пропорционалноста на правото на одбрана на обвинетиот и интересот на кривичниот прогон. Притоа, вообичаено при одлучувањето за допуштеноста на некој доказ судовите се водат од одредени критериуми, и тоа: сериозноста на кривичното дело, сериозноста на процедуралните повреди во контекст на собирањето на доказите и намерата за заобиколување на доказните правила пред судот. Ако во секој поединечен предмет судот утврди дека правата на обвинетиот преовладуваат над интересите на кривичниот прогон, во тој случај доказите собрани на незаконит начин не можат да се користат во кривичната постапка.

За допуштеноста на доказите, односно за исклучоците од правилото за забрана за користење на незаконити докази богата практика има развиено и Европскиот суд

за човекови права (ЕСЧП) во Стразбур. Така, референтен предмет на Судот во Стразбур во однос на ова прашање е случајот Шенк против Швајцарија. Во овој предмет Судот за прв пат ја развива својата доктрина според која има резервиран став кон доказните правила воопшто, притоа вклучувајќи го и прашањето за законитоста на доказите. Во тој контекст, Судот во Стразбур смета дека за прашање треба да одлучуваат националите судови. Сепак, ставот на Судот во Стразбур е дека тој го задржува правото да оценува дали судењето во целина, вклучувајќи го и начинот на кој се изведени доказите, е согласен со концептот на фер судење согласно членот 6 од Конвенцијата.

Материјата за законитоста на доказите во казненото процесно законодавство е уредена во членот 12 од Законот за кривичната постапка. Првиот став од овој член содржи забрана за изнудување на признание или друг вид на изјава од обвинетиот или од друго лице учесник во кривичната постапка. Со овој став целосно се задоволуваат меѓународните стандарди во бројните меѓународни инструменти, а посебно во оние во кои се уредуваат прашањата поврзани со тортура. Во вториот став од наведениот член е попишано дека „Доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судска одлука.” Притоа, законодавецот акцентот го става на прибавувањето на доказите на незаконит начин, што беше предмет на повеќе расправи. Ваквиот приод на законодавецот со кој акцентот го става на начинот на прибавување на доказите, а не на начинот на нивното создавање беше предмет на елаборација во конкретните предмети на нашите судови. Согласно овој приод на законодавецот, создавањето на доказот на незаконит начин не го прави автоматски самото доказно средство незаконско, доколку истото било прибавено во согласност со Уставот, законите и меѓународните документи.

Во однос на ова прашање особено битна е Пресудата КОКЖ-35/15 донесена во Апелациониот суд Скопје, на 26.9.2016 година. Ова пресуда на Апелациониот суд Скопје воспоставува многу важна практика на разликување на поимите на создавање на доказите и нивното прибавување, при што одредува дека доколку доказот е создаден на незаконит начин (така, на пример, аудио-снимките се направени приватно и неовластено, без судски налог за посебна истражна мерка од членот 252 од ЗКП) тоа не го прави автоматски тоа доказно средство (снимениот разговор) незаконито. А доколку доказот е прибавен на законит начин (преку ПИМ мерка одредена според членот 252 од ЗКП или на друг начин предвиден во ЗКП), тој доказ може слободно да се користи како законит и дозволен во кривичната постапка. Праксата воспоставена од Апелациониот суд Скопје, воспоставува ситуација во која незаконски создадените, а законски прибавените докази секогаш се применливи и дозволени во кривичната постапка заради фактот што акцентот на законодавецот е ставен врз прибавувањето, а не врз создавањето на доказите. Врз основа на ова воспоставено правило, нема никаква пречка и неовластено снимените разговори кои се предмет на работењето на СЈО да бидат употребени како законски и дозволени доказни средства, имајќи предвид дека истите се

прибавени на законит начин, почитувајќи ги одредбите на Законот за кривичната постапка во однос на прибавување на доказите.

Ставот 1 од членот 110 од Законот за јавното обвинителство  со кој се предвидува дека Јавно обвинителство не може да го заснова обвинението врз основа на незаконски прислушувани материјали е во согласност со горенаведеното во контекст на членот 12 од Законот за кривичната постапка.

Во однос на исклучоците кои се содржани во ставот 2 од оспорениот член, кои се однесуваат на предметите Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите поднесени до надлежен суд до 30 јуни 2017 година согласно со Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, истакнуваме дека оваа одредба е целосно во согласност со Уставот и веќе елаборираните меѓународни стандард и особено јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Дополнително, на иста линија е и домашната судска практика која беше погоре елаборирана.

Ставот (3) предвидува дека материјалите и транскриптите од материјалите од незаконски прислушуваните материјали за предметите покренати по 30 јуни 2017 година можат да се користат само како индиции и на нив не може да се заснова обвинителен акт или обвинителен предлог и истите не можат да бидат предложени и употребени како доказ во постапката по поднесениот обвинителен акт или обвинителен предлог. Ова решение е во согласност со членот 22 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, согласно кој „Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство, може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражна постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.“. Оваа одредба би требало да се анализира во контекст на одредбите за застарување од Кривичниот законик. Имено, по останатите предмети по кои не настапила застареност и по кои Специјалното јавно обвинителство нема покренато обвинение во наведениот рок, ќе постапуваат надлежните јавни обвинителства.

Во врска со одредбата од ставот (4), која се однесува на уништувањето на материјалите  и за други прашања поврзани со сите останати материјали и транскриптите од незаконско прислушуваните материјали кои не се предадени како докази во судовите, истакнуваме дека е во целост во согласност со уставните одредби, со оглед дека со оваа одредба целосно се штитат правата на лицата против кои се водат кривични постапки, како и оние лица кои се дел од овие прислушкувани материјали.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема основ за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 110 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.42/2020) и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесената Иницијатива со барањето за донесување на времена мерка во целост да ја отфрли.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.57354 за КО Ресен на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д.Влахов и Имотен лист бр.56926 на КП бр.4571 дел 2 викано место/улица Д.Влахов, и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Арбана Дестани-Адеми од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.643 за КО Шупљи Камен на КП бр.2103 дел 1 викано место/улица Авлија и го усвои негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 24**

Владата го разреши Лазар Еленовски од должноста специјален претставник на Владата на Република Северна Македонија за прашања од областа на НАТО интеграциите во Брисел.

**Точка 25**

**1.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на Решението за формирање на комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции и го задолжи Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, во насока:

- за претседател на Комисијата да се назначи Фатмир Бетиќи–посебен советник за спроведување на Рамковниот договор од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

- на местото на Снежана Костовска Фрчковска, за член на Комисијата да се назначи Александар Андовски-советник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**2.** Владата го разгледа Барањето за согласност на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, за спроведување на постапки за јавни

набавки (вработувања на определено време преку приватна агенција за вработување и осигурителни услуги) и заклучи да се има превид Заклучокот од 40-та седница на Владата, одржана на 13 април 2020 година, Точка 13, Прашања и предлози, бидејќи се работи за суштински работи и за истите не е потребна согласност од Владата.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 11 мај 2020 година до 17 мај 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Барањето на ЈП Национални шуми за преземање итни мерки – втор пакет и притоа заклучи:

1. ЈП Национални шуми да достави барање за позајмица во износ од 100.000.000,00 денари до АД Електрани на Северна Македонија.

2. Се укажува на АД Електрани на Северна Македонија да ги преземе сите потребни активности на нивните органи на управување по однос на донесување на одлука за давање позајмица на ЈП Национални шуми до 31 декември 2020 година.

**5.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на Решението за формирање на комисија за категоризација на угостителски објекти за сместување и го задолжи Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на комисија за категоризација на угостителски објекти за сместување, во насока:

- на местото на Маја Бариќ Чочкова, за член на Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување да се назначи Стојне Данилова Иваноски, раководител на одделение за структурни реформи и регулатива во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**6.** Владата го разгледа и го одобри Барањето за вработување на 18 лица на определено време до 31.12.2020 година во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој под бр. 04-66/28 од 12 мај 2020 година.

**7.** Владата го разгледа и го одобри Барањето за давање согласност за спроведување на постапка јавна набавка од Центар за развој на Скопски плански регион под бр. 03-58/3 од 15 мај 2020 година.

**8.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на Заклучок од 52-та седница на Владата, одржана на 14 мај 2020 година, точка 17, Прашања и предлози, во врска со набавката на 50 респираторни машини од средства на УНДП, кои треба да се платат со средства од Договорот за заем со Светска банка и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за

здравство и д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, да одржат координативен состанок со УНДП, да изнајдат решение и до Владата да достават соодветен предлог за надминување на ова прашање.

**9.** Владата по повод информирањето на Горан Милевски, министер за локална самоуправа, во врска со потребата од доставување мислења по Годишниот извештај за спроведувањето на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2018 година, ги задолжи Министерството за образование и наука, Министерството култура и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за наредната седница на Владата да достават мислења по материјалот.

**10.** Владата по повод информирањето на Горан Милевски, министер за локална самоуправа, во врска со потребата од доставување мислења по Информацијата за Извештајот за реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 – 2020 (за периодот 2018 - прва половина на 2019 година), ги задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за млади и спорт, Центарот за стручно образование и обука-Скопје и Советот за рамномерен регионален развој, за наредната седница на Владата да достават мислења по материјалот.
**11.** Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања за изменување на заклучокот од Точка 57, од Педесет и првата седница на Владата, одржана на 12 мај 2020 година, по Информацијата за можноста за користење на Фондот за солидарност на Европската Унија за справување со финансиското влијание на Ковид – 19, заклучи точката број 2. да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за финансии да направи пресметка на вкупната јавна потрошувачка настаната како резултат на кризата од Ковид – 19, на база на прибраните информации од надлежните институции, наведени во заклучокот број 1 и за истото да го информира Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 20 мај 2020 година.“.

**Точка 26**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јануари до 31-ви март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план за надминување на неправилностите нотирани во ревизорскиот извештај бр.16-136/19 од 24.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се разгледа можноста од обезбедување на дополнителни финансиски средства наменети за граѓанскиот сектор.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за намалување на финансиските средства за поддршка на здруженијата и фондациите, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се разгледа можноста од обезбедување на дополнителни финансиски средства наменети за граѓанскиот сектор.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за одложување на ЕКСПО 2020 ДУБАИ, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП Национални шуми за 2020 година, со Финансиски план и со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за новиот Финансиски план за 2020 година на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување на Информација, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на активностите за имплементација на електронски систем за евалуација на ризик со податоци за последно извршени контроли и инспекции согласно системот за евалуација на ризик, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за работата на инспекциските служби за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Инспекциски совет за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата со Предог - одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Конче, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Конче, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за поместување на рокот за доставување на понуда за учество во претквалификација на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река, со измена на тендерска документација за Фаза 1 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја одобри измената на тендерската документација за Фаза 1 - за достава на понудите за учество во претквалификација со променет рок 18.9.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање навремено да ги информира сите потенцијални понудувачи  кои подигнале документација за измена на рокот за достава на понуди за учество во предквалификација.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање и АД Електрани на Северна Македонија на нивните официјални веб страни да го објават Јавниот повик за претквалификација со променет рок 18.9.2020 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Босилово, со Предлог – одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Босилово, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата  за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Аеродром, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Предог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Ресен, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Ресен, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска